*Прилог 1: Формулар за поднесување коментари*

**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локална улица во н.м. Волино во општина Дебрца“**

**Опис на проектот**

Проектните активности за санација на локална улица во населба Волино ќе се одвиваат во општина Дебрца. Општината се наоѓа во југозападниот дел на С. Македонија и е дел од Југозападниот плански регион. Вкупната површина на општината е 425,39 km$^2$ и според последниот попис од 2021 година вкупно има 3.719 жители. Проектните активности во н.м. Волино се планирани на локална улица со вкупна должина од 695,45m и ширина од околу 4,0 m со банкини од по 0,5м од двете страни на трупот на патот. Оваа Оваа улица е главната артерија во уличната мрежа во н.м Волино, која ја поврзува оваа населба со селата Требеништа, Мешеишта и село Мороишта, а понатаму и кон Струга. Проектната улица исто така поврзува луѓе и добра и внатре во населеното место и надвор со општината и градовите Охрид и Струга. Проектното подрачје каде што ќе се одвиваат проектните активности за санација на локалната улица е во рурална средина во населбата Волино во општина Дебрца. Улицата започнува веднаш од центарот на селото Волно непостредно од фонтаната во центарот и завршува во непосредна близина кај црквата Св. Петка на излезот, консело Мороишта - Општина Струга, кој продолжува со локален пат кој води кон с. Мороишта - Струга. По должината на трасата има станбени куќи и дворови со огради. Во близина на проектната улица има црква, (Св. Петка) се наоѓа покрај трасата. Во центарот на селото се наоѓаат чешма, споменик на Втора светска војна, маркети, кафе бар, детско игралиште и основното училиште „Дебрца“ со игралиште. Во северниот дел на населбата на околу 200 m од улицата на проектот, се наоѓа фудбалско игралиште до кое се стигнува од друга улица во населбата. Предметната улица е асфалтирана улица во многу лоша состојба. Обезбедувањето информации во реално време за жителите и црквата лоцирани покрај улиците пред почетокот на рехабилитационите работи е од суштинско значење за организирање на нивните секојдневни активности.

**Електронската верзија на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локална улица во н.м. Волино во општина Дебрца“ е достапна на следниве веб-страни:**

- Општина Дебрца (https://debrca.gov.mk/)
- МТ: http://mtc.gov.mk/ и/или
- ЕИП: www.wbprojects-mtc.mk

| | | |
|---|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:**<br><br>**тел:** | |
| **Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:** | | |
| **Потпис** | **Дата** | |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локална улица во н.м. Волино во општина Дебрца“, ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски**

**Е-пошта: joze.jovanovski@piu.mtc.gov.mk**

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локална улица во н.м. Волино во општина Дебрца“**

**(датум на објава: 13.01.2025 година)**